# Партнерски состанок во Атина, Грција

Објавено од Слободан Пачовски
Четврток, 25 Ноември 2021 16:39 - Последно освежено Четврток, 25 Ноември 2021 16:51



Од 21 до 23 ноември 2021 година во Атина, Грција се одржа партнерски состанок во рамки на проектот „ГОРДОСТ 1 – Зачувување на ромскиот јазик преку употреба на онлине речник?“
На состанокот беа претставници од Грција, Унгарија, Германија,  Романија, Србија и нашата библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола.

На средбата беа презентирани резултатите од спроведените прашалници за потреба од подготовка на онлајн речник на Ромскиот јазик, како алатка за чување и примена на јазикот.

По развиената дискусија и презентирање на одговорите од истражувањето во врска со прашањето за потребата на речникот и неговата примена, се поттикнаа различни мислења кои резултираа со потреба од подготовка на сликовен, визуелен речник за најмладите, како и за зборови кои најмногу се користат во секојдневниот живот.

Од дискусијата произлегоа и низа иницијативи за следните активности и за наредни проекти.
Координатор на проектот е НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола.
Проектот е во рамки на програмата клучна акција 204 – Стратешки партнерства за образование на возрасни, клучна акција 204 – Стратегиски партнерства за образование на возрасни, финансирана од Европската комисија преку Еразмус + програмата.

Повеќе фотографии од состанокот ќе најдете на следниот линк:  [NUUB Facebook]